**20150772544**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 67 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14 и 33/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ПОСТОЈАНА ПАРИЧНА ПОМОШ, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА И ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА СТРУЧНИТЕ ЛИЦА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНКА И МИСЛЕЊЕ ЗА НЕСПОСОБНОСТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права и потребната документација за остварување на правото на постојана парична помош, составот и начинот на работата на стручната комисија и второстепената комисија, легитимацијата на стручните лица, начинот на водење на евиденција на издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оценка и мислење за неспособноста за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/13, 11/15 и 25/15) во член 2 став 1 во точката 5 по зборот „година“се додаваат зборовите: „во висина над 30.000 денари “.

Во ставот 2, во точката 9 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

По точката 10 се додава нова точка 11, која гласи:

„11. стипендија. “

Член 2

Во член 4 во ставот 2 во првата реченица и во ставот 3 по зборот „помош“ се додаваат зборовите: „и писмена согласност да бидат откриени неговите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија“.

Член 3

Прилогот бр.3 се заменува со нов Прилог бр.3, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-4482/1
5 мај 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Диме Спасов**, с.р.

**Прилог бр.3**

**И З  Ј А В А**

од ______________________________ со ЕМБГ /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/

со стан на ул. "______________________", бр. ____ со лична карта бр. ____________

издадена на ____________ година од ГУВР ________________, под кривична,

морална и материјална одговорност, пред Центарот за социјална работа

___________________ на ______________ год. изјавувам:

1. Дека сум согласен моите лични податоци да бидат употребени од страна на Центарот за социјална работа ______________________ во постапката за остварување и користење на правото на постојана парична помош.

2. Дека сум согласен да бидат откриени моите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија.

ИЗЈАВИЛ
**Подносител на барањето,**

_________________________

**Стручен работник,**

_________________________